Јавно претпријатие за комунални дејности
"ТУРИЈА" п.о.
Бр. 03-215/1
25.03.2014 год.
ВАСИЛЕВО

# Д О Г О В О Р

## за собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст и течен отпад

Склучен на ден 25.03. 2014 година, помеѓу:

1. **Јавно претпријатие за комунални дејности "Турија" п.о. Василево** претставувано од в.д. директорот Леонардо Николов , со жиро с-ка бр.210053819240193 ЕДБ 4027000127302, од една страна како ИЗВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА и
2. ДТУ АГРОМАРКЕТ ИГОР Дооел М.В. Голем Рид с.Владевци Општина Василево со ДБ 200001337824477 депонент Стопанска Банка Струмица од друга страна како КОРИСНИК НА УСЛУГА,

Член 1

Предмет на овој договор е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврс И течен отпад отпад од населението и индустријата. Под комунален цврст отпад се подразбира кои се создаваат преку секојдневниот живот и работа со станбените и деловните згради и простории, како и отпадоци што настануваат со изведување на градежни и занаетчиски работи.

Член 2

Јавното претпријатие за комунални дејности "Турија" п.о. Василево се обврзува да обезбеди корпи за отпадоци и цистерна за чистење на течен отпад за потписниците на овој договор.

Член 3

Корисникот на услугата се обврзува отпадоците да ги собира во корпата за отпад и колектор за течниот отпад и да ги изнесува до најблиската улица во денот определен за собирање.

Член 4

Јавното претпријатие за комунални дејности "Турија" п.о. Василево се обврзува да го собира комуналниот цврст отпад и течен отпад и истиот да го транспортира и депонира на депониите определени од Советот на општината, најмалку еднаш неделно.

Член 5

Корисникот се обврзува за услугата на јавното претпријатие да плаќа надоместок.
Висината на надоместокот и начинот на плаќање ги утврдува Управниот одбор на јавното претпријатие, по претходна согласност на основачот, Советот на општина Василево.

Член 6

Ако корисникот на услугата не го плаќа надоместокот редовно, најмногу 3 (три) месеци последователно, давателот има право да го прекине давањето на услугата, да ја одземе кантат и да го раскине договорот.

Член 7

Овој договор важи од денот на неговото склучување, па се додека една од договорените страни не го раскине истиот.

Член 8

За се што не е опфатено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 9

Во случај на спор при извршувањето на овој договор, надлежен е Основниот суд во Струмица.

Член 10

Договорот е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

| Корисник,<br>ДТУ Агромеркет Игор | ЈПКД "ТУРИЈА" п.о. Василево<br>в.д Леонардо Николов |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |